СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Број 10 **Понеделник, 2 Ноември 2026** **Демир Капија**

1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com

С О Д Р Ж И Н А

1. *Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година.....*
2. *Одлука за изменување на одлуката за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.....*
3. *Одлука за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба.....*
4. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на Општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија.....*
5. *Решение за давање согласност за формирање групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија во 2026/2027 година.....*
6. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година.....*
7. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија во учебната 2025/2026 година.....*
8. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2026 година.....*
9. *Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2026 година.....*
10. *Заклучок.....*
11. *Решение за одобрување финансиски средства.....*
12. *Решение за одобрување финансиски средства.....*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/1 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Следејќи го остварувањето на Буџетот, како на приходната страна така и на расходната страна, при што земјаќи ја во предвид досегашната реализација на буџетот, по предлог на Градоначалникот на општината а согласно позитивните законски прописи од член 36, став (1), точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 36 став (3) од Законот Буџетите („Службен весник на Република Македонија“бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 151/21 и 3/25) и член 29, став (1) и (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22,170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе измени и дополнувања на Буџетот со ПРВ РЕБАЛАНС.

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година

Член 1

Следејќи го остварувањето на Буџетот како на приходниот така на расходниот дел, и активностите кои се преземаат, а со досегашниот Буџет не се предвидени согласно позитивните законски прописи се вршат измени и дополнувања на Буџетот со ПРВ ребаланс.

Член 2

Со оваа Одлука се вршат следните измени и дополнувања на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година.

Износот на вкупните приходи на Буџетот на општина Демир Капија од 197.918.241,00 денари се заменува со 194.223.594,00 ден.

Потставката 733111 - Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште, износот од 19.893.285,00 се заменува со 12.780.665,00 денари.
Потставката 741114 – Пренесен вишок на приходи од предходна година, на сметката за дотации, износот од 0,00 се заменува со 329.889,00 денари за да се овозможи користење на останати парични средства од минати години за единките корисници на општината.
Потставката 741115 – Дотација на општината од ДДВ износот од 22.256.312,00 се заменува со 26.955.326,00 денари.
Потставката 741211 – Капитални трансфери од други нивоа на власт износот од 30.409.662,00 се заменува со 27.943.232,00 денари.
Потставката 742111 - Приходи од обединети нации, износот од 0,00 се заменува со 795.000,00 денари. (сметка за донации).
Потставката 742114 - Приходи од европската унија, износот од 0,00 се заменува со 60.500,00 денари. (основен буџет).

Износот на вкупните расходи на Буџетот на општина Демир Капија од 197.918.241,00 денари се заменува со 194.223.594,00 ден.

Потпрограма А0 – Совет на општина
Потставката 404150 - Други надоместоци, износот од 2.000.000,00 се заменува со 1.700.000,00 денари.
Потставката 461130 - Субвенции за јани претпријатија, износот од 0,00 се заменува со 350.000,00 денари.
Потставката 463110 –Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, износот од 1.330.000,00 се заменува со 1.500.000,00 денари.
Потставката 464990 - Други трансфери, износот од 1.000.000,00 се заменува со 1.300.000,00 денари.
Потставката 471160 – Еднократна парична помош и помош во натура, износот од 400.000,00 се заменува со 600.000,00 денари.
Потставката 493210 - Отплата на главница на долгорочна позајмица износот од 3.200.000,00 се заменува со 3.000.000,00 денари.
Потпрограма ДО – Градоначалник

Потставката 404150 – Други надоместоци износот од 630.000,00 се заменува со 130.000,00 денари.

Потставката 471160 – Еднократна парична помош и помош во натура, износот од 500.000,00 се заменува со 660.000,00 денари.

Потпрограма ЕО - Општинска администрација

Потставката 404150 - Други надоместоци, износот од 300.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 420210 - Патување во странство – хранарина (дневница), износот од 50.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 421410 - Горива и масла (моторни возила), износот од 600.000,00 се заменува со 800.000,00 денари.

Потставката 425220 - Банкарска провизија, износот од 0,00 се заменува со 3.600,00 денари.

Потставката 427110 - Привремени вработувања, износот од 1.500.000,00 се заменува со 1.730.000,00 денари.

Потставката 464910 - Плаќање по судски решенија, износот од 2.500.000,00 се заменува со 2.000.000,00 денари.

Потставката 464990 - Разни трансфери, износот од 400.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.

Потпрограма ЕА – Капитални трошоци на општината

Потставката 482920 – Изградба на други објекти, износот од 60.000,00 се заменува со 0,00 денари.

Потставката 485230 - Компјутерски софтвер, износот од 200.000,00 се заменува со 260.000,00 денари.

Потпрограма Ф10 – Урбанистичко планирање

Потставката 425640 – Изработка на просторни и урбанистики планови, износот од 2.854.000,00 се заменува со 854.000,00 денари.

Потпрограма ФДО-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)

Поставката 482920 - Изградба на други објекти износот од 1.000.000,00 се заменува со 500.000,00 денари.

Потпрограма Г2-Поттикување на развојот на туризамот

Потставката 425990 - Други договорни услуги, износот од 354.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.

Потставката 464990 – Разни трансфери, износот од 500.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.

Потпрограма Ј80 – Други комунални услуги

Потставката 424230 – Дезинфекција дезинсекција и дератизација, износот од 500.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.

Потпрограма ЈАА - Изградба на електрични инсталации за улично осветлување

Потставката 482820- Изградба на капацитети во енергетиката износот од 7.907.975 се заменува со 5.441.545,00 денари.

Потпрограма ЈД0-Изградба на улици, патишта и автопати

Потставката 482130 - Реконструкција на улици, патишта и автопати износот од 8.499.513 се заменува со 7.605.958,00 денари.

Потпрограма ЈИО-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Потставката 425990 - Други договорни услуги износот од 1.300.000,00 се заменува со 0,00 денари.

Потставката 482920 - Изградба на други објекти износот од 0,00 се заменува со 1.300.000,00 денари.

Потпрограма Л0-Спорт и рекреација

Потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, износот од 100.000,оо се заменува со 30.000,00 денари.

Потставката 463120 - Трансфери до спортски клубови, износот од 500.000,оо се заменува со 280.000,00 денари.

Потставката 464990 - Други трансфери, износот од 0,00 се заменува со 200.000,00 денари.

Потпрограма ЛА0-Спорт и рекреација

Потставката 480190 – Купување ма друга опрема, износот од 0,00 се заменува со 795.000,00 денари.

Потпрограма ЛАА- Реконструкција на фудбалско игралиште втора фаза

Потставката 482920 - Изградба на други објетки износот од 0,00 се заменува со 3.571.571,00 денари.

Потставката 482930 - Реконструкција на други објетки износот од 12.865.292 се заменува со 9.702.426,00 денари.

Потпрограма ЛАБ - Уредување на спортски терени Д.3.1 Отворено игралиште за тенис во Демир Капија

Потставката 482920 - Изградба на други објетки износот од 0,00 се заменува со 321.644,00 денари.

Потпрограма Н10-Основно образование (сметка на дотации)

Потставката 401130 – Основни плати други вработени, износот од 27.000.000,00 се заменува со 26.500.000,00 денари.

Потставката 401310 – Персонален данок на доход од плати, износот од 3.200.000,00 се заменува со 2.511.000,00 денари.

Потставката 402110 – Основни придонеси за ПИО, износот од 7.160.000,00 се заменува со 6.940.000,00 денари.

Потставката 402210 – Основни придонеси за здравство, износот од 3.460.000,00 се заменува со 3.377.000,00 денари.

Потставката 402220 – Основни придонеси за професионално заболување, износот од 640.000,00 се заменува со 634.000,00 денари.

Потставката 402310 – Основни придонеси до агенцијата за вработување, износот од 740.000,00 се заменува со 738.000,00 денари.

Потставката 421220 – Дрва, износот од 400.000,00 се заменува со 600.000,00 денари.

Потставката 421290 – Други материјали за греење, износот од 800.000,00 се заменува со 600.000,00 денари.

Потставката 423610 – Наставно образовни помагала, износот од 600.000,00 се заменува со 850.000,00 денари.

Потставката 423720 – Материјали за разни поправки, износот од 420.000,00 се заменува со 620.000,00 денари.

Потставката 424210 – Одржување на згради, износот од 500.000,00 се заменува со 1.207.534,00 денари.

Потставката 424420 – Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, износот од 60.000,00 се заменува со 220.000,00 денари.

Потставката 424430 – Поправки и одржување на машини, износот од 380.000,00 се заменува со 220.000,00 денари.

Потставката 425290 – Други финансиски услуги, износот од 80.000,00 се заменува со 60.000,00 денари.

Потставката 425310 – Правни услуги услуги, износот од 40.000,00 се заменува со 60.000,00 денари.

Потставката 425750 – Услуги за вонучилишни образовни активности, износот од 80.000,00 се заменува со 160.000,00 денари.

Потставката 425760 – Превозни услуги во образованието, износот од 1.720.000,00 се заменува со 2.100.000,00 денари.

Потставката 425790 – Други образовни услуги, износот од 80.000,00 се заменува со 60.000,00 денари.

Потставката 425990 – Други договорни услуги, износот од 80.000,00 се заменува со 190.000,00 денари.

Потпрограма В1-Детски градинки (сметка на дотации)

Потставката 464990 – Други трансфери, износот од 0,00 се заменува со 65.060,00 денари.

Потпрограма В1-Детски градинки (сметка за самофинансирање)

Потставката 421110 – Електрична енергија, износот од 40.000,00 се заменува со 150.000,00 денари.

Потставката 421120 – Водовод и канализација, износот од 50.000,00 се заменува со 150.000,00 денари.

Потставката 421310 – Пошта, износот од 5.000,00 се заменува со 11.000,00 денари.

Потставката 421320 – Телефон и телефакс, износот од 20.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 423110 – Канцелариски материјали, износот од 20.000,00 се заменува со 40.000,00 денари.

Потставката 423410 – Прехрамбени продукти и пијалоци, износот од 1.600.000,00 се заменува со 800.000,00 денари.

Потставката 423710 – Средства за одржување на хигиена, износот од 190.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 423990 – Други материјали, износот од 0,00 се заменува со 190.000,00 денари.

Потставката 424440 – Поправки и одржување на друга опрема, износот од 70.000,00 се заменува со 150.000,00 денари.

Потставката 425260 – Осигурување на моторни возила, износот од 0,00 се заменува со 6.000,00 денари.

Потставката 425420 – Примарна здраствена заштита, износот од 15.000,00 се заменува со 60.000,00 денари.

Потставката 425970 – Консултантски услуги, износот од 15.000,00 се заменува со 55.000,00 денари.

Потставката 425990 – Други договорни услуги, износот од 140.000,00 се заменува со 260.000,00 денари.

Потставката 426410 – Објавување на огласи, износот од 25.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 426990 – Други оперативни расходи, износот од 0,00 се заменува со 18.000,00 денари.

Потставката 464990 – Други трансфери, износот од 90.000,00 се заменува со 190.000,00 денари.

Потпрограма В1-Детски градинки (основен буџет)

Потставката 423990 – Средства за Други материјали, износот од 100.000,00 се заменува со 0,00 денари.

Потставката 427110 – Привремени вработувања, износот од 3.000.000,00 се заменува со 3.700.000,00 денари.

Потставката 464990 – Други трансфери, износот од 200.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потпрграма В3 – Социјална заштита

Потставката 425990 – Други договорни услуги, износот од 0,00 се заменува со 288.000,00 денари.

Потпрграма К2 Музичка и сценско-уметничка дејност (сметка за дотација)

Потставката 401130 - Основни плати – други вработени, износот од 4.396.792,00 се заменува со 3.796.792,00 денари.

Потставката 401310 – Персонален данок на доход од плата, износот од 386.931,00 се заменува со 336.931,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО, износот од 1.249.082,00 се заменува со 1.109.082,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здравство, износот од 498.303,00 се заменува со 438.303,00 денари

Потставката 402220 - Основни придонеси за професионално заболување, износот од 33.226,00 се заменува со 28.226,00 денари.

Потставката 402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување, износот од 79.732,00 се заменува со 42.732,00 денари.

Потставката 404110 - Надомест за годишен одмор, износот од 84.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 423990 - Други материјали, износот од 30.000,00 се заменува со 252.000,00 денари.

Потставката 425290 - Други финансиски услуги, износот од 8.000,00 се заменува со 40.000,00 денари.

Потставката 425920 – Услуги за копирање, печатење и издавање, износот од 30.000,00 се заменува со 70.000,00 денари.

Потставката 425990 – Други договорни услуги, износот од 10.000,00 се заменува со 82.000,00 денари.

Потставката 426210 – Расходи за репрезентација, износот од 30.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 464110 – Стипендии за студенти, износот од 190.000,00 се заменува со 0,00 денари.

Потставката 464940 – Траснфери при пензионирање, износот од 0,00 се заменува со 220.000,00 денари.

Потставката 464990 – Други траснфери, износот од 70.454,00 се заменува со 537.749,00 денари.

Потпрограма К40-Културни манифестации и творештво

Потставката 464990 – Други трансфери, износот од 0,00 се заменува со 252.500,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 703/3 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

Се објавува Одлука за изменување на одлуката за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/2 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.4/2026), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
За изменување на одлуката за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

Член 1

Во Одлуката за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА

Кавадарци ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.1/2026), членот 2 се менува и гласи:

"Вкупните фиксни оперативни трошоци за 2026 година потребни за натамошното функционирање со кои учествува Општина Демир Капија на годишно ниво се во износ од **377.700,00** денари".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/4 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба

Се објавува Одлука за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/3 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба

Член 1

Се дава согласност за склучување на Вонсудска спогодба за наплата на долг помеѓу Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР–ШЕПА Кавадарци, во својство на доверител и Општина Демир Капија, во својство на должник.

Член 2

Предмет на вонсудската спогодба од член 1 на оваа одлука е регулирање и наплата на долг (надомест на фиксни оперативни трошоци за 2024 година) во износ од **163.355,00** денари**.** Долгот произлегува од член 8 од Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци бр.08-774/16 од 10.11.2023 година и член 5 од Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци бр.08-143/1 од 12.02.2024 година.

Член 3

Со вонсудската спогодба се утврдува начинот на исплата на долгот на четири месечни рати.

Вонсудската спогодба е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Капија да ја потпише вонсудската спогодба.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/5 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на Општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на Општинска установа Дом на

култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/4 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на Општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување во 2027 година на Општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, како и формата и содржината на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2027 година е составен дел на ова решение.

2. Директорот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/6 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К

За објавување на Решение за давање согласност за формирање групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија во 2026/2027 година

Се објавува Решение за давање согласност за формирање групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија во 2026/2027 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/5 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/15), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За давање согласност за формирање групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија во 2026/2027 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за формирање на воспитни групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2026/2027 година.

2. Согласноста од точка (1) се однесува на формирање на три воспитни групи за деца на возраст од 2 до 6 години.

Бројот на децата во групите може да се зголеми согласно просторните услови за работа и потребите на родителите, но не повеќе од 20% од предвидениот број согласно законот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/7 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/6 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 116 став 1 алинеја (2) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година, предложен од Управниот одбор на установата на седницата одржана на ден 26.08.2026 година.

2. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/8 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија во учебната 2025/2026 година

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија во учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/7 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 108 став (1) алинеја (2) од Законот за основното оразование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија во учебната 2025/2026 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија во учебната 2025/2026 година, усвоен од Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 29.09.2026 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/9 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2026 година

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/8 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2026 година

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартален период 2026 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој заклучок.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/10 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2026 година

Се објавува Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/9 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 50 од Статутот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.8/05), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА "7-МИ НОЕМВРИ" И ПРИЗНАНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

По повод 7 Ноември - Денот на Општина Демир Капија, а за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развојот, унапредувањето, севкупниот напредок и афирмација на општината, наградата "7-ми Ноември" за 2026 година се доделува на:

1. **ДРАГИ ВЕЛКОВ,** за исклучителен придонес во областа на здравствената и социјално – хуманитарната дејност.

Член 2

Признанија за 2026 година се доделуваат на:

1. **Љупче Силев,** за особен придонес во духовниот,

хуманитарниот и општествениот живот во Демир Капија;
2. **Киро Јованов,** за долгогодишен труд за зачувување и пренесување на фолклорната традиција;
3. **ДЕ-КА ДООЕЛ Демир Капија**, како општествено одговорна компанија.

Член 3

Наградите и признанијата ќе бидат врачени на свечената седница на Советот на Општина Демир Капија одржана по повод 7 Ноември - Денот на Општина Демир Капија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/11 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучок

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/10 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето на ЈКП БОШАВА Демир Капија бр.0908-454/1 од 31.08.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

1. СЕ ПРИФАЌААТ предложените задолженија на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Градоначалникот на Општина Демир Капија, преку надлежните општински служби, да ја утврди фактичката состојба во врска со техничката документација за водоснабдителните системи во населените места Пржде во, Бистренци, Корешница, Чифлик и Дрен, кои со претходна одлука се дадени на управување на ЈКП БОШАВА Демир Капија и доколку постои можност за изработка на проекти за изведена состојба, како и да ја утврди фактичката состојба со сопственоста на земјиштето на кое се изградени овие системи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/12 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Решение за одобрување финансиски средства

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/11 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и точка 2 од II.2 од Програмата за активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.3/2026), постапувајќи по барањето бр.08-653/1 од 22.09.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

За одобрување финансиски средства

1. Се одобруваат финансиски средства во износ од **60.000,00 денари**, за покривање на трошоците за котизација за натпреварување во четврта фудбалска лига.

2. Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, од програма L00, подставка 464990 – други трансфери, на сметка 210040831990121 на примачот ОФС Неготино.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 703/13 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

З А К Л У Ч О К
За објавување на Решение за одобрување финансиски средства

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 29.10.2026 година.

Број 09–736/12 Градоначалник на
02.11.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-145/1 од 06.02.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 29.10.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За одобрување финансиски средства

1. Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** за изградба на црква во с.Бесвица.

2. Одобрените средства од точка 1 на ова решение ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, од програма А00, потставка 464990 други трансфери, на сметка 200003990434007 на примачот МПЦ-ОА СВ.СПАС Бесвица, со цел на дознаката: за изградба на црква во с.Бесвица, и истите наменски да се искористат.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 703/14 Претседател на Совет на
29.10.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.
